PAJDAKOV
ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА
since 1997



„Пајдаков“ е приватна компанија основана во 1989 година, а во 1997-ма започнува да работи фабриката за производство и преработка на зеленчук и овошје и со тоа стана првата приватна фабрика од ваков вид во Македонија.
Производите на „Пајдаков“ се произведени исклучиво од свежи зеленчук и овошје, произведени во чиста еколошка средина, исклучиво за нашите потреби. Местоположбата на регионот каде што е лоцирана фабриката и каде што се произведуваат зеленчукот и овошјето, Гевгелија, се карактеризира со над 300 сончеви дена годишно, што ги гарантира нивниот висок квалитет и добар вкус.
Уште од самото основање на фабриката нашата определба е да произведуваме производи со врвен квалитет и по највисоки хигиенски стандарди, со цел да ги задоволиме вкусот и потребите на нашите консументи.
„Пајдаков“ е семејна компанија и наше второ семејство. Оттаму, нашите производи се произведуваат по домашни традиционални рецепти со кои ја продолжуваме традицијата на нашите предци.
Токму затоа, во работата на компанијата „Пајдаков“ е ангажирано целото наше семејство. Заедно го надгледуваме процесот на производство, го контролираме квалитетот, а теглите со вкусна зимница, кога веќе се полни – се грижиме навремено да ги дистрибуираме на полиците близу вас.
Асортиманот на „Пајдаков“ е поделен во две категории: стандардни и домашни. Спектарот на артикли е широк и секојдневно се зголемува.
Квалитетот и вкусот на храната што ја произведуваме се загарантирани со сертификатите за меѓународните стандарди што ги поседува нашата фабрика:
ИСО 9001 и ИСО 22 000.
Нашиот квалитет го препознаа не само домашните консументи, туку и консументите во Европа, Австралија, САД, каде што ги извезуваме нашите производи.

Pajdakov